**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - БИТОЛА**

# Д О П О Л Н У В А Њ Е   Н А   К О Н К У Р С О Т

**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ**
**НА ТРЕТ ЦИКЛУС – ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА**
**СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - БИТОЛА**
**ВО АКАДЕМСКАТА 2011/2012 ГОДИНА**

Битола, декември 2011 година

Врз основа на член 57 алинеа 9 од Законот за високото образование, во врска со член 7 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии, член 87, член 96, член 108 став 13 од Законот за високото образование и член 5 и 6 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии и врз основа на Одлуката на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола бр. 07-1070/5 донесена на 138-та седница одржана на 14.09.2011 година и Одлуката на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола бр.07-1722/6 донесена на 141 -та седница одржана на 28.12.2011 година , Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола објавува:

# Д О П О Л Н У В А Њ Е Н А К О Н К У Р С О Т
## за запишување студенти на трет циклус – докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола во академската 2011/2012 година

**I. БРОЈ НА СТУДЕНТИ**

На студиските програми од трет циклус – докторски студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, во академската 2011/2012 година, ќе се запишат следниов број студенти:

| Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола Студиска програма | број на студенти | Износ на школарина (во евра) |
|---|---|---|
| **ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ – ПРИЛЕП*** | **21** | **2100**** |
| ПРЕТПРИЕМНИШТВО И МЕНАЏМЕНТ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА*** | 21 | 2100 |
| **ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ – БИТОЛА*** | **18** | **4500** |
| ОБРАЗОВНИ НАУКИ | 9 | 4500 |
| МЕНАЏМЕНТ ВО ОБРАЗОВАНИЕ | 9 | 4500 |
| | | |

* Во тек е постапка за добивање решение за почеток со работа.
** Остатокот од школарината ќе се покрива со средства од проектот.
***Студиската програма е во рамките на проект од ТЕМПУС Програмата што се организира во соработка со седум универзитети од ЕУ и Западен Балкан и истата ќе се реализира на **англиски јазик.**

**Условите и критериумите за конкурирање и запишување, постапката за спроведување на Конкурсот и потребните документи за пријавување и запишување** се содржат во Конкурсот за запишување студенти на трет циклус студии објавен на 14.09.2011 на веб страницата на УКЛО www.uklo.edu.mk и во дневниот весник „Дневник“ на 17.09.2011 година.

Секоја единица на Универзитетот претходно ги утврдува и објавува на својата веб страница дополнителните услови за упис (најдоцна една недела пред почетокот на првиот уписен рок) и го спроведува пријавувањето, рангирањето и запишувањето на кандидатите.

**II. Рокови за пријавување и запишување  на  кандидатите**

**Пријавувањето на кандидатите** ќе се одвива во периодот **од 30 декември 2011 до 30 јануари 2012.**
**Запишувањето на кандидатите** ќе се одвива во периодот **од 01 до 10 февруари 2012.**
По потреба, Универзитетот ќе спроведе и дополнителен уписен рок.